РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-5453/4
07-02-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 100 –та седница одржана на ден 06.02.2023 година донесе

## Одлука

Постапката по предметот бр. 09-5453/1 од 01.06.2022 година, оформен по сопствена иницијатива против службеното лице -----, ВД Директор во --------, **СЕ ЗАПИРА.**

Лицето Кирил Стојчевски прекршил одредби од Законот за спречување корупцијата, по што истото беше констатирано на записник и беше понудена постапка за порамнување со издаден прекршочен платен налог. Од страна на лицето беше извршена уплата на глобата во законски предвидениот рок поради што ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата, оформи предмет по сопствена иницијатива заведен под бр. 09-5453/1 од 01.06.2022 година против службеното лице ----, ВД Директор во ------, ----- кој во време на сторување на прекршокот ја извршувал функцијата претседател на Училишниот одбор на ------- и е опфатен под поимот „службено лице„ согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Како службено лице, се нашол во состојба на судир на интереси што согласно член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности. Именуваниот иако знаел дека постојат околности што укажуваат на постоење на судир на интереси, не се изземал и не запрел со своето постапување, односно иако бил свесен дека истиот е пријавен за кандидат по Јавен оглас бр. 04-44/1 од 15.03.2022 година за избор на директор на училиштето, свикал седница на која се утврдило мислење за пријавените кандидати по Јавниот оглас за избор (именување) на директор на -----.

ДКСК во овој случај констатира прекршок и против него е спроведена постапка за порамнување. До него беше доставен Записник за констатиран прекршок заведен под бр. 09-4823/1 од 09.10.2023 година и Прекршочен платен налог со бр.09-4823/2 од 09.10.2023 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Службеното лице ја извести ДКСК за уплата на глобата во законски предвидениот рок со приложување на Образец ПП50 за извршена уплата заверена под број 09-4823/3 од 18.10.2023 година.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З, - раководител
Одобрил: м-р В.Г.- член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk